# МЕСЕЧНИК
## за криминалот од омраза
**ФЕВРУАРИ 2020**

Кривичните дела мотивирани од нетолеранција, односно предрасуди кон одредена група во општеството се опишува како криминал од омраза. За неговото постоење мора да бидат исполнети два услова: делото мора да е предвидено во кривичното право и сторувањето мора да е мотивирано од некоја предрасуда. Мисијата на ОБСЕ во Скопје го поддржува Хелсиншкиот комитет при регистрацијата и мапирањето на делата од омраза. Овој месечник обезбедува прикажување на сите регистрирани инциденти во текот на еден месец.

## ИНЦИДЕНТИ

**Предизвикани од омраза овој месец** **10**

### ВИД НА ИНЦИДЕНТ

| | | |
|---|---|---|
| 1 оштетување на имот | 0 уништување на симболи | 0 телесна повреда |
| 0 разбојништво | 0 предизвикување на општа опасност | 8 насилство |
| 2 сериозна закана | 2 загрозување на сигурноста | 1 предизвикување на омраза, раздор или нетрпеливост |

## РЕАКЦИИ

**0** **Реакции овој месец**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА - ОСУДА

| | | |
|---|---|---|
| 0 од функционер | 0 религиски водач | 0 граѓанско здружение |
| 0 протест | 0 отстранување последица | 0 друго |

### КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖРТВАТА:

| етничка припадност | верска припадност | политичка припадност | сексуална ориентација | друго |
|---|---|---|---|---|
| 90.0% | 0.0% | 0.0% | 10.0% | 0.0% |

**Вкупен број на инциденти во 2020 година: 18**

| ЈАН | ФЕВ | МАР | АПР | МАЈ | ЈУН | ЈУЛ | АВГ | СЕП | ОКТ | НОЕ | ДЕК |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 10 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |




### ВО ФЕВРУАРИ 2020 ГОДИНА

**3 : 7**

верификувани : неверификувани

### ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ОДГОВОР

| | |
|---|---|
| откриени сторители | 4 |
| кривични пријави | 2 |
| прекршочни пријави | 0 |
| тековни судења | 0 |

### ИНЦИДЕНТИ СПОРЕД ЛОКАЦИЈАТА

Скопје - **9**
Битола - **1**




### Издвоен инцидент

**Насилство во автобус поради етничка припадност и боја на кожа**

На 12.02.2020 година, околу 21 часот, во автобус број 5 на ЈСП, непознато лице, револтиран од бучавата во автобусот се упатил спрема децата од ромска етничка припадност кои зборувале на висок тон и пееле. Сторителот започнал да им се обраќа на висок тон да престанат со бучава. Некои од децата престанале со бучавата, но пријавениот продолжил да ги навредува и омаловажува децата врз основа на етничка припадност и боја на кожа велејќи им: „Ни ја гнасите државата, од вас нема спас". Потоа, едно од децата кое претходно пеело и било облечено во црвена јакна било физички нападнато од страна на сторителот со удар по окото и со неколку удари по главата. Пријавениот освен што физички го нападнал детето, тој му ја загрозил и сигурноста на начин што му се заканувал по живот и телото и го заплашувал дека ќе го одведе на непознато место. Дополнително, децата од страна на сторителот биле принудувани да го чистат ѓубрето во автобусот, а кога се наближил автобусот спрема автобуската постојка кај Т.Ц „Бисер" сторителот го фатил детето кое физички го малтретирал и му кажал дека треба со него да се симне на таа постојка. Сторителот присилно го извлекол детето надвор од автобусот по што го влечел по асфалтот на земја и му ја удрил главата од банкоматот на „НЛБ" Банка кој се наоѓа кај автобуската постојка. Во тој момент неколку непознати момчиња се стрчале спрема сторителот, по што тој избегал од местото. На 25.02.2020, Хелсиншкиот комитет поднесе кривична пријава против Н.Н. непознато лице за сторено кривично дело „Насилство" од чл. 386 ст.5 од КЗ.

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe
OSCE Mission to Skopje
ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗЛОСТОРСТВА ОД ОМРАЗА

zlostorstvaodomraza.mk
helkom@mhc.org.mk
++389 (0)2 3119 073